**2117.**

Врз основа на член 34 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16 и 53/16), директорот на Геолошкиот завод на Република Македонија донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНА ОЦЕНА (РЕВИЗИЈА) НА ГЕОЛОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација.

Член 2

Барањето за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација се поднесува на образец во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/16).

Бр. 01-152/1
11 април 2016 година
Скопје

Директор
на Геолошки завод
на Република Македонија,
м-р **Костадин Јованов**, с.р.

**ПРИЛОГ**

ДО:
Геолошки завод на Република Македонија
бул. „Св. Климент Охридски“ бр. 15, 1000 Скопје
Република Македонија

**Б А Р А Њ Е**
**за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација**

Барател: ____________________________________________
Адреса/Седиште: ______________________________________
Единствен матичен број на субјектот: _______________________
Единствен даночен број: ________________________________
Електронска пошта: ____________________________________
Контакт лице: ________________________________________
Контакт телефонски број: _______________________________

Врз основа на член 34 од Законот за минерални суровини, се поднесува барање за вршење на стручна оцена (ревизија) на:

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
(Полн назив на видот на геолошката документација која е предмет за вршење на стручна оцена (ревизија))

Во __________
на ден ___.___.______ година

Барател

________________________